Магазин

Во 2017 година од Опен Тејбл „Краст“ беше прогласен меѓу 100-те најдобри ресторани во САД, а според Трип Адвајзор, „Краст“ е ресторанoВо 2017 година од Опен Тејбл „Краст“ беше прогласен меѓу 100-те најдобри ресторани во САД, а според Трип Адвајзор, „Краст“ е ресторанот број еден во Мајами. Местото меѓу најдобрите го задржа и во 2019.т број еден во Мајами. Местото меѓу најдобрите го задржа и во 2019.

Објавил: Катерина Крстиќ | 18 Февруари, 2020 11:32

## СЕКОЈА ЧЕСТ: ЗАПОЗНАЈТЕ ГИ МАКЕДОНЦИТЕ ЧИЈ РЕСТОРАН Е БРОЈ ЕДЕН ВО МАЈАМИ

## И МЕЃУ НАЈДОБРИТЕ ВО САД




Македонците Анита и Климе Ковачески, се пример дека со многу работа, посветеност и љубов може да се постигне целта за која сте сонувале. Имено станува збор за пар кој поседува еден од најпознатите ресторани во Мајами.

**Нивната успешна приказна за ресторанот „Краст“ кој редовно е меѓу најнаградуваните ресторани во САД ја пренесува „VOA“.**

Во 2017 година од Опен Тејбл „Краст" беше прогласен меѓу 100-те најдобри ресторани во САД, а според Трип Адвајзор, „Краст" е ресторанот број еден во Мајами. Местото меѓу најдобрите го задржа и во 2019.




Ковачески работи и како консултант за други ресторани.

За ресторанот кој е во сопственост на двајца македонци „Краст" пишуваа и најпознатите американски весници, Форбс и Вол Стрит Журнал.

Иако повеќето од ресторантите кои се отвораат во САД, доживуваат неуспех по само три години, ресторанот „Краст" успеал да се издигне на врвот и да ги помине сите предизвици и работи веќе пет години.

*„Настојувам она што го работам да биде најдобро што може и да биде конкурентно. Од тие сто најдобри ресторани во Америка, кога проверив, овој беше единствен кој што го имаат Македонци. Тоа не значи дека нема други добри ресторани низ Америка од наши луѓе, но мене лично ми значи кога се успева и кога се зборува за тоа од каде сме", вели Климе Ковачески, сопственик на ресторанот „Краст" во Мајами.*

Нивната љубовна приказна започнала пред седум години. Иако Анита живеела во Австралија сепак пред седум години љубовта ја натерала да се откаже од се, па се преселила во Флорида.

Ковачески работи и како консултант за други ресторани.

*-Нашите награди не се засноваат на мислењето на еден човек, туку на мислењето на илјадници луѓе кои доаѓаат тука, вели Ковачески, кој не жали за трудот и времето вложени во ресторанот. Но, потребно е многу работи да се постават на вистинско место, вели тој. „Краст сега е познат ресторан и многу луѓе доаѓаат. Но, ако ние ја промениме улогата, јас и Анита. Ако таа влезе во кујната на еден ден, а јас ја водам салата, Краст нема да постои после три дена.*